АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ





## Одржана Конференција „Интегритет на изборите во новото информациско опкружување“




Во организација на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и УСАИД, на 5 и 6 април во Скопје се одржа конференцијата „Интегритет на изборите во новото информациско опкружување“, посветена на медиумите и нивната регулација во изборните процеси.

Целта на конференцијата беше да се поттикне дискусија меѓу граѓанските организации, здруженија и институции од земјава и релевантни чинители од европските земји за прашања поврзани со изборите и преку нивните искуства да се понудат препораки за унапредување на моменталната состојба.

Директорот на АВМУ, д-р Зоран Трајчевски на почетокот на настанот се осврна на значењето на медиумското информирање за време на изборните процеси и активностите на Агенцијата за следење на изборното медиумско известување на радиодифузерите во тој период. Го потенцираше и ставот за укинување на финансирањето на платеното политичко рекламирање (ППР) на политичките партии од буџетски средства на државата, а доколку тоа не е можно, партиите да добиваат средства за ППР по рамноправен модел.




Членот на Советот на АВМУ Зоран Фиданоски потсети на дел од обврските за радиодифузерите во изборниот период и направи ретроспектива на неколку изборни циклуси во поглед на резултатите од мониторингот на изборното медиумско претставување на радиодифузерите и улогата на регулаторното тело во нив.

На настанот стана збор и за влијанието на дигиталните дезинформации врз изборниот интегритет и начините за справување со нив. Останатите говорници споделија искуства и добри практики од европските земји за справувањето со дезинформациите и лажните вести во изборните кампањи, ја потенцираа важноста на регулацијата и саморегулацијата во медиумите за време на изборните процеси, уредничката независност, медиумското известување ослободено од политички и економски интереси.

Вториот ден од Конференцијата опфати искуства на АВМУ и регулаторното тело за комуникации на Италија (АГКОМ) во поглед на мониторингот на медиумските содржини и платеното политичко рекламирање на радиодифузерите. Раководителката на Секторот за програмски работи во АВМУ м-р Емилија Јаневска, го објасни процесот и активностите поврзани со мониторингот на платеното политичко рекламирање на радиодифузерите и предизвиците со кои се соочува Агенцијата во текот на изборните циклуси. Ги презентираше и ставовите на АВМУ во врска со одредбите од Изборниот законик коишто се однесуваат на платеното политичко рекламирање. Искуства беа споделени и од Државната комисија за спречување на корупција во делот на транспарентноста во финансирањето на политичките партии и изборните кампањи и политичкиот маркетинг вклучувајќи го и онлајн рекламирањето.

Дел од препораките кои произлегоа од Конференцијата се однесуваат на обезбедување зајакнати институции кои ќе спроведуваат фер и ефикасни избори и зголемување на транспарентноста на институциите и политичките партии за да се намалат дезинформациите поврзани со нив. Беше потенцирана потребата од соработка помеѓу регулаторните тела и градење на капацитети и вештини на нивните вработени, подигнување на свесноста на граѓаните за критичко размислување, а уредниците и новинарите да ги набљудуваат јавните функционери и политички партии и доколку не ги спроведуваат дадените ветувања да ги повикаат на одговорност. Беше констатирана потребата од темелна ревизија и промена на Изборниот законик посебно во делот на платеното политичко рекламирање, за да не останат недоречености и да се обезбеди стабилна регулаторна рамка која ќе формира правна сигурност, без да се менува Законикот пред одржување на избори. Воедно, треба законски да се уреди и начинот на функционирање на интернет порталите и начинот на рекламирање преку нив.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

## Надзори врз радиодифузери, печатени медиуми и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

### Радиодифузери

Врз сите 109 радиодифузери коишто емитуваат ТВ или радио програма извршени се три редовни административни надзори за различни законски одредби коишто беа должни да ги спроведат до 31 март 2022 година. Првиот надзор се однесуваше на обврската на радиодифузерите на сопствената програма да ги објават податоците за сопственичка структура, уредништво и извори на финансирање во претходната година и снимка од објавата да достават до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. При овој надзор не беше констатирано прекршување кај ниту еден медиум.

Вториот надзор се однесуваше на обврската на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година. Надзорот покажа дека оваа обврска не ја исполни во целост единствено радио Капитол ФМ од Скопје.

Предмет на третиот надзор беше обврската до Агенцијата да достават извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или ТВ емитување, а особено за спроведување на програмскиот концепт. Надзорот покажа дека оваа законска обврска не ја исполни само ТВ Ирис од Штип.

За обврските за употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 12 часа програма на телевизијата и дневно емитување најмалку 30% изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетната публика, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа и обезбедување квизови или други облици на наградно учество редовен програмски надзор е извршен врз ТВ Алфа, ТВ Алсат – М, ТВ Канал 5, ТВ Телма и ТВ Сител. Со надзорот е констатирано дека на програмата на ТВ Сител на 22 март 2022 година се емитувани репризно и премиерно издание од забавно-документиранaта емисија „Брза кујна“, кои не беа означени како програма во која се пласирани производи.

Врз истите медиуми извршен е и редовен административен надзор за обврските коишто се однесуваат на објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни на корисниците и за објава на идентификација на радиодифузерот. Со надзорот е констатирано дека ТВ Алсат – М на 22 март 2022 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците за импресум што е должна телевизијата да ги емитува на соодветното место за секоја содржина од програмскиот сервис.

По службена должност извршен е вонреден програмски надзор врз Г-ТВ Телевизија за обврските при употреба на јазикот во програмите на радиодифузерот. Со надзорот е констатирано дека Г-ТВ Телевизија на програмата емитувана на 11 април 2022, цртаниот филм „Пинк Пантер“(Pink Panter Pinkozoic Era) го емитувала изворно на англиски јазик без да обезбеди превод на албански, македонски или турски јазик, односно на јазиците на кои што медиумот емитува програма согласно дозволата.

Откако истече рокот за законско усогласување, врз програмата на ТВ Алфа е извршен контролен програмски надзор со цел да се утврди дали телевизијата постапила по мерката јавна опомена, изречена заради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика. Надзорот покажа дека ТВ Алфа во целост постапила по мерката јавна опомена.

### Печатени медиуми

Агенцијата спроведе редовен административен надзор врз 20 издавачи на печатени медиуми со цел да констатира дали податоците за сопственичка структура ги имаат објавено во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март 2022 година и дали 15 дена од денот на објавувањето доставиле исечок од објавата до надлежното регулаторно тело. Надзорот покажа дека сите издавачи на печатени медиуми постапиле согласно Законот за медиуми.



# NEWSLETTER

## Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

За обврската на операторите на ЈЕКМ во програмскиот пакет кој го реемитуваат задолжително и бесплатно да се содржани програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваа, извршен е редовен програмски надзор врз операторите Каблекалл, Мултимедиа-Нет, Бив Пирамида, Комбо 2003, Скрембл и Антена АС КТВ. При надзорот не се констатирани прекршувања на обврските од ЗААВМУ.

## Изречени мерки јавна опомена

Советот на Агенцијата на 16-та седница, одржана на 27 април изрече две мерки за јавна опомена, од кои една за ТВ Сител поради прекршување на обврските при пласирање производи, додека втората за ТВ Алсат - М поради не објавување на податоци за импресум.

На 15 седница одржана на 15 април, Советот на Агенцијата изрече седум мерки јавна опомена. Мерки јавна опомена на ТВ Канал 5 и ТВ Сител беа изречени поради емитување на прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации на производи, емитување на рекламен спот и телешопинг спот во кои лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите за што ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите и поради визуелно и тонско прикажување на лице кое редовно презентира вести и актуелни информативни емисии. Мерка јавна опомена на ТВ 24 Вести беше изречена поради емитување на забавно-документарна емисија која не е означена како програма во која се пласирани производи, иако производите од одредени спонзори се директно вклучени во дејствието на емисијата и посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-028/2018